**Образложение кон постигнатите резултати на Макстил А.Д. Скопје за периодот јануари – декември 2023 година**

Изминатата 2023, беше година на опоравување на глобалната челична индустрија. Побарувачката на челик повторно започна да бележи раст во Турција, Европа, САД и Бразил. Како главни предизвици и понатаму остануваат регионалните конфликти, инфлацијата како и финансиските барања за транзицијата кон ниско јаглеродната економија. Производителите на челик ќе имаат клучна улога во планот на Европската унија „Fit for 55“ за намалување на емисиите на стакленички гасови за 55% до 2030 година.

Макстил, како многу значаен регионален производител на толовалани дебели лимови постојано ги следи глобалните текови и во континуитет врши прилагодување на своите деловни функции и успева навремено да одговори на тековната побарувачка на челик.

Макстил АД – Скопје за периодот јануари – декември 2023 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните поединечни финансиски извештаи.

## Остварено производство и реализација

Оствареното производство на дебели лимови во текот на 2023 во производниот погон Валавница изнесува 300.009т. што споредено со 303.288т. во истиот период на 2022 претставува незначително намалување од 1%, додека во однос на поставениот производен план за 2023 година (293.572т.) претставува зголемување од 2%. Оствареното производство на челичанските слабови во извештајниот период е 296.023т. што споредено со 247.166т. во 2022 претставува зголемување од 19%, додека во однос на планираното производство за 2023 годината (175.000т.) претставува зголемување од 18%.

### Табела бр.1 Производство на слабови и лимови (количина во тони)

| производство во тони | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| производство на слабови | 296.023 | 247.166 |
| производство на лимови | 300.009 | 303.288 |

Реализацијата на топловаланите дебели лимови во количински показатели за 2023 година изнесува 305.367т., што споредено со 278.193т. од минатата година претставува зголемување од 9%.

**Табела бр.2 Реализација на лимови (количина во тони)**

| реализација на лимови во тони | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| директна продажба | 82.595 | 86.159 |
| договор за преработка | 222.772 | 192.034 |
| **Вкупна реализација** | **305.367** | **278.193** |

**Вкупни приходи**

Во овој период се остварени приходи од работење во износ од 8,44 милијарди денари, од кои приходите од продажби како носечка ставка во структурата на вкупните приходи учествуваат со дури 98%. Споредено со 2022 остварените приходи од работењето (11,25 милијарди) се пониски за 25%. Намалените приходи воглавно се должат на намалувањето на продажните цени на нашиот готов производ како и соодносот помеѓу директната продажба на Макстил и договорите за преработка.

**Табела бр.3 Остварени приходи од продажба**

**(Во 000 Ден.)**

| остварени приходи од директна продажба и приходи од преработка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| приходи од директна продажба | 4.832.944 | 7.017.416 |
| приходи од преработка | 3.364.989 | 4.034.231 |
| **Вкупни приходи** | **8.197.933** | **11.051.647** |

**Вкупни расходи**

Остварените расходи во текот на 2023 година изнесуваа 7,59 милијарди денари, од кои трошоците за производство се носечка ставка и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 92%. Споредено со 2022 година остварените расходи од работењето (9,64 милијарди денари) се пониски за 22%, што воглавно се должи на намалувањето на трошоците на енергенсите пред се електричната енергија и природниот гас и влезните материјали во текот на овој период.

## Добивка пред оданочување и нето добивка

**Табела бр.4 Остварена добивка**

(Во 000 Ден.)

| Добивка | 2023 Износ | 2022 Износ | Индекс 23/22 |
|---|---|---|---|
| Нето добивка | 355.552 | 1.077.236 | 33 |
| Добивка пред оданочување | 402.793 | 1.200.763 | 33 |

Добивката пред оданочување во извештајниот период е 402 милиони денари и е трикратно пониска од остварената во 2022 година, додека нето добивката изнесува 355 милиони денари, трикратно пониска од остварената во минатата година. Намалувањето на добивката во голема мера се должи на извршената задолжителна исплата на солидарниот данок во износ од 257 милиони денари, којшто беше пресметан во септември 2023 и кој не произлегува од оперативното работење на компанијата. Дополнително, намалувањето на добивката во текот на овој пресметковен период во однос на остварената во текот на истиот период од минатата година се должи и на пониските продажни цени на готовиот производ во однос на цените во 2022 година.

## Исплатени дивиденди

Во овој период компанијата нема извршена исплата на дивиденди по акција заради пренесени загуби од претходниот период.

## Сметководствени политики и методи на вреднување

Сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Макстил АД, во текот на овој период од 2023 година не се  променети.

## Инвестиции

Во текот на 2023 реализирани се инвестициони активности за одржување во кондиционата спремност на инсталираната опрема и производните линии, како и за подобрување на безбедноста при работа во износ од 232,7 милиони денари.

## Очекувања за претстојниот период

За наредниот период се очекува пораст на побарувачката на челик, пропратена со стабилност на цените на готовиот производ, намалување на постојното ниво на инфлацијата, намалување на кредитниот притисок од страна на банките, особено во втората половина на 2024 како и опоравување на потрошувачката.

На нашиот најголем пазар Европската Унија и понатаму се очекува да продолжи да се чувствува влијанието на војната во Украина, кризата на Блискиот Исток, конфликтот во Јемен, кој влијае на зголемување на трошоците врзани со поморскиот транспорт. На пазарот во Турција се очекува зголемување на побарувачката за челични производи. Макстил и понатаму ќе продолжи со реализација на поставените цели, особено во сегментот на осовременување на опремата, за што склучи и договор за набавка на нова кружна странична ножица за сечење лим, која се очекува да внесе значајни промени во делот на унапредувањето на производниот процес. Подобрувањето на здравјето, безбедноста и благосостојбата на сите вработени е исто така сегмент на кој компанијата посветува значително внимание.

Во делот на ограничувачките фактори остануваат предизвиците од областа на транспортот и логистиката, а особено железничкиот транспорт каде се очекува влез на приватен оператор и каде неминовно ќе се наметне потребата за обезбедувањето на соодветна стручна работна сила. Секако тука останува и проблемот со легислативата во однос на третманот на старото железо, согласно која, заради нашата неусогласеност со европската регулатива старото железо сè уште се третира како отпад, а не како суровина.

**Општествена одговорност**

Во текот на целата 2023 компанијата продолжи со спроведување на проектите во делот на општествената одговорност, а грижата за животната средина, активната поддршка на концептот за циркуларна економија, подготовките за производството на зелен челик се неколкуте врвните компаниски приоритети. Компанијата ја следи и новата регулатива за воспоставување на „Прекуграничен механизам за прилагодување на јаглеродни емисии“ (Carbon Border Adjustment Mechanism – CBAM), чија основна цел е спречување на протекување на јаглеродните емисии. Исто така, преку бројни проекти ја продолжуваме нашата соработка со локалната општина, сè со цел креирање на позитивен пример меѓу граѓаните на пошироката општествена заедница.

Скопје, 01.03.2024 година